**РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕДЛОГ ПРОПОЗИЦИИ**

**СУПЕР МАШКА РАКОМЕТНА ЛИГА**

ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2026/2027

Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометната Федерација на Македонија, по предлог на Конференција на клубови од супер машка ракометна лига одржана на ден ---------------- Управниот Одбор ги донесе следните:

**ПРЕДЛОГ ПРОПОЗИЦИИ**

**ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО СУПЕР МАШКА РАКОМЕТНА ЛИГА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2026/2027**

**Член 1**

Со овие Пропозиции се утврдува начинот и условите на натпреварувањето во ракометот во Супер машка ракометна лига за натпреварувачка сезона 2026/2027 година.

**Член 2**

Во системот на натпревари во Супер машката ракометна лига учествуваат 12 (дванаесет) екипи. Клубовите учесници задолжително учествуваат во Куп натпреварувањето за сезона 2026/2027 и Супер куп, кој ќе се игра пред почетокот на натпреварувачката сезона 2026/2027. Точниот термин и местото каде ќе се одигра Супер купот, ќе го одреди Натпреварувачка комисија, а ќе играат првакот на првенството од сезона 2025/2026 и победникот на Купот за сезона 2025/2026.
Доколку првакот во иста сезона е и победник во купот, во тој случај за освојување на Супер Куп ќе играат првакот и финалистот на Куп од сезона 2025/2026.
Доколку некоја од екипите се откаже од учеството во Куп натпреварувањето-ЕЛИМИНАЦИИ, ќе се казни со парична казна во висина од 50.000,оо денари.
Сите екипи од Супер машка лига за да остварат право на учество во Супер лига за сезона 2026/2027 задолжително мора да пријават пионерска екипа.
Екипите учесници во супер лигата, 21 ден пред почеток на есенскиот и 21 ден пред почеток на пролетниот дел од сезоната, се должни да уплатат по 60.000,оо денари на име Котизација на сметка на Ракометна Федерација на Македонија.

**Член 3**

Учесници во Супер машката ракометна лига во натпреварувачка сезона 2026/2027 се следните ракометни клубови:

| | |
|---|---|
| РК ВАРДАР 1961 | РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР |
| ГРК ОХРИД | РК АЛКАЛОИД |
| РК БУТЕЛ СКОПЈЕ | ГРК ТИКВЕШ 2014 |
| РК ПРИЛЕП | РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР 2 |
| МРК КУМАНОВО | РК МУЛТИ ЕСЕНС |
| РК МЛАДОСТ 1977 | РК СТРУГА |

**Член 4**

Системот на натпреварување за сезона 2026/2027 ќе биде следниот:

- Натпреварите во првиот дел се играат по еднокружен бод систем (домаќи-гостин 2 x 11 кола) вкупно 22 кола.
- По завршување на 22-то коло се разигрува play off и play out, односно екипите пласирани од 1-во до 6-то место ќе ја формираат групата play off од 6 екипи, а екипите пласирани од 7-мо до 12-то место ќе ја формираат групата play out од 6 екипи.
- Во play off и play out екипите се натпреваруваат по еднокружен бод систем (домаќин- гостин 2 x 5 кола) вкупно 10 кола, до добивање конечен пласман/опстанок во Супер лигата. Распоредот на натпреварите е одреден согласно ранкингот на екипите по завршување на регуларниот дел (броевите на екипите за Бергер се добиват согласно освоените места по завршување на регуларниот дел).
- Во play off и play out екипите ги пренесуваат сите освоени бодови од регуларниот дел на натпреварувањето по одиграните 22 кола.

По добивањето на конечниот пласман во play out натпреварувањето, 11-то пласираната екипа игра бараж натпревар со 2-ро пласираната екипа од Прва лига за пласман во највисок степен на натпреварување за сезона 2026/2027, 12-то пласираната екипа во play out преминува во Прва лига, а 1-во пласираната екипа од Прва лига директно преминува во Супер лига за сезона 2027/2028.
Право на настап во бараж натпреварот имаат сите уредно пријавени ракометари на почеток на сезоната, ракометари кои се уредно пријавени пред почеток на пролетниот дел од сезоната и ракометари кои имаат одиграно минимум 10 (десет) натпревари за клубот до бараж натпреварот (се однесува само на клуб кој игра бараж).
За место на одигрување на бараж натпревар одлучува Натпреварувачката комисија. Се игра 1 (еден) натпревар на неутрален терен и доколку истиот заврши со нерешен

резултат, победникот се добива со изведување на седмерци. Организацијата и трошоците паѓаат подеднакво на терет на екипите кои играат во бараж натпреварот.
Доколку 11-то пласираната екипа се откаже од бараж натпреварот, местото автоматски го пополнува 2-ро пласираната екипа од Прва лига. Доколку 2-ро пласираната екипа од Првата лига не сака да учествува во бараж натпреварот (или директно да го пополни), тогаш тоа место го завзема екипа со остварен пласман на 3-то место и.т.н.
Екипи кои ќе пријават учество во натпреварувачката сезона 2026/2027 а не го започнат натпреварувањето или по започнување се откажат во тек на сезоната, го губат правото да се натпреваруваат во било кој систем на натпреварување во траење од 3 (три) години. Од гореспомнатото се земаат екипите кои пред почетокот на следната сезона во која сакаат да пријават екипа (може да пријават екипа само во најнизок ранг на натпреварување за сениори) да уплатат парична сума од 200.000,оо денари на с-ка на РФМ за развој на младински ракомет. Одговорното лице нема право да пријави нов клуб и вршење дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години.

Во случај две или повеќе екипи се откажат од настап во регуларниот дел од првенството или плеј оф/аут, нивното место за следната натпреварувачка сезона го завземаат првите две или повеќе екипи од првата ракометна лига (согласно ранкинг).

Доколку екипа која е пријавена како суперлигаш, (или има обезбедено статус на суперлигаш) го откаже своето учество, Управниот Одбор на РФМ со одлука назначува учесник од понизок ранг за дополнување на супер лигата најмалку 20 дена пред почеток на сезоната.

Во машката пионерска лига право на настап имаат ракометари родени 2012 година и помлади. Во случај на откажување на пионерската лига или исклучување на истата по своја вина, екипата се дисквалификува заедно со сениорската екипа. Доколку пионерската екипа од неоправдани причини не одигра два натпревари, се исклучува заедно со сениорската екипа од систем на натпреварување.

**Член 5**

На сите натпревари во домашното првенство (сениори, младинци, кадети, пионери во машка и женска категорија) ќе се користи TOMASOFT за регистрација, лиценцирање, статистика, водење на натпревари.
Сите ракометни клубови се должни да обезбедат 3 (три) лица кои ќе бидат обучени (од РФМ) за водење на софтверот.
Секој мерач на време и записничар, мора да биде внесен во ТОМАСОФТ од страна на

клубот. Секој клуб може да пријави повеќе мерачи и записничари заедно со листата на службени лица пред почеток на натпреварувачката сезона.

Клубот-домаќин е должен покрај компјутерот/лап-топ и принтер за водење на записник (на записничка маса) да обезбеди дополнителен компјутер/лап-топ за водење статистика на кој ќе биде инсталиран софтверот.
Доколку клубот не ги обезбеди горенаведените средства за нормално функционирање на натпреварот, ќе биде казнет согласно дисциплински правилник на РФМ.

**Член 6**

Натпреварувачка комисија при РФМ на одредени натпревари во домашното првенство без претходна најава може да испрати НАБЉУДУВАЧ, кој ќе има обврска да даде целосен извештај до натпреваручка комисија за организацијата , текот на натпреварот и работата на судиите и делегатите.

**Член 7**

Ракометните екипи учесници во Супер машка лига имаат обврска согласно Законот за спорт да се трансформирани во трговско, односно акционерско друштво, Ракометна екипа која нема да го пријави учеството во највисок степен на натпревари пропишано согласно Законот за спорт најдоцна 14 дена пред почеток на утврден натпреварувачки календар, Натпреварувачката комисија при РФМ го утврдува следниот учесник во највисок степен на натпревари при РФМ за сезона 2026/2027.

**Член 8**

Сите натпревари во Супер лигата се играат по Меѓународни правила на ракометна игра и нормативни акти на РФМ.
Натпреварите се играат 2 х 30 минути со одмор од 15 минути. На натпреварите се користи топка број 3 (ИХФ) со лепак.
Секоја екипа има право во текот на натпреварот да бара 3 (три) TEAM TIME-OUT-а во траење од 60 секунди (во едно полувреме може да се користат 2 тајм-аута а во другото полувреме еден тајм-аут, во зависност од изборот на екипата во кое полувреме ќе користи еден а во кое полувреме два тајм-аута).
Службениот претставник на екипата постапува согласно Меѓународните правила на ракометната за екипен тајм-аут.
Екипите од Супер лигата во записникот од натпреварот во составот на екипата може да внесат најмногу 16 ракометари и 5 службени лица.

Во сезоната 2026/2027 бројот на странски ракометари на натпревар од регуларниот дел на сезоната во домашното првенство може да биде максимум 8 (осум) ракометари.

- Од вкупната бројка на странски ракометари право на настап имаат 5 (пет) ракометари кои што имаат настап за својата национална репрезентација во било која селекција (сениорска, младинска, кадетска).
- Од вкупната бројка на странски ракометари 3 (три) ракометари можат да настапат без ограничување од претходната точка по слободен избор на клубовите.

Во сезоната 2026/2027 бројот на странски ракометари на натпревар во завршниот дел од сезоната (Плеј оф-Плеј аут) во домашното првенство може да биде максимум 9 (девет) ракометари.

- Од вкупната бројка на странски ракометари право на настап имаат 6 (шест) ракометари кои што имаат настап за својата национална репрезентација во било која селекција (сениорска, младинска, кадетска).
- Од вкупната бројка на странски ракометари 3 (три) ракометари можат да настапат без ограничување од претходната точка по слободен избор на клубовите.
- Ограничувањето за настап на еден натпревар на странските играчи се однесува единствено на националното првенство при систем на натпревари на РФМ, а за учество во ЕХФ, ИХФ натпреварувања или регионалната лига, нема ограничување.

**Член 9**

Со лигата непосредно раководи Натпреварувачка комисија (natprevaruvackakomisija.rfm@gmail.com) како и органи на УО на РФМ со седиште во Скопје во просториите на Ракометната Федерација на Македонија, Адреса бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 15 Скопје, тел. 02/2464-444;
e-mail: handball@macedoniahandball.com.mk
и веб страна: www.macedoniahandball.com.mk
Координаторите на лигите во својот делокруг на функционирање задолжително објавуваат билтени кои се објавуваат на интернет страната на РФМ и истите се доставуваат во електронска форма до клубовите.
Информациите кои произлегуваат од системот на натпревари ќе бидат нотирани согласно член 62 став 3 и став 4 од Статутот на РФМ, во тековниот календарски месец.

**Член 10**

Бодовите за одиграниот натпревар се добиваат на следниот начин:

- **ПОБЕДА 2 БОДА**
- **НЕРЕШЕНО 1 БОД**
- **ИЗГУБЕН НАТПРЕВАР 0 БОДОВИ**

Конечниот пласман на екипите за сезона 2026/2027 се прави по завршувањето на плеј оф и плеј аут натпреварите. Екипите на табелата го заземаат редоследот врз база на збирот на освоени бодови.
Доколку две или повеќе екипи имаат освоено ист број на бодови, се вреднува следниот систем на одредување на пласманот на табелата:

Во случај да 2 (две) екипи имаат ист број на бодови во конечната табела, пласманот се одредува на следниот начин:

- Подобро пласирана ќе биде екипата што има освоено повеќе бодови во меѓусебните натпревари во тековната сезона (регуларен дел и плеј оф/аут),
- Доколку во меѓусебните натпревари имаат освоено ист број на бодови, тогаш подобро пласирана е екипата што има подобра гол-разлика во меѓусебните натпревари во тековната сезона (регуларен дел и плеј оф/аут),
- Доколку во меѓусебните натпревари екипите имаат ист број на победи, со идентичен резултат (иста гол-разлика, исто постигнати голови), во тој случај екипите го делат местото. Ако е во прашање место на табелата кое одлучува кој ќе биде првак или за учество на некој од меѓународните купови, Купот на Република Македонија, кој ќе игра плеј оф или пак одлучува за испаѓање од лигата, Натпреварувачка комисија закажува одигрување на еден натпревар на неутрален терен. Местото на одигрување се одредува во согласност со екипите.
- Доколку екипите не постигнат согласност местото за одигрување го одредува Натпреварувачка комисија. Трошоците за овој натпревар ги сносат екипите учеснички рамноправно.

Во случај да 3 (три) или повеќе екипи имаат ист број на бодови во конечната табела, се прави **МИНИ ТАБЕЛА** на екипите со ист број на бодови а пласманот се одредува на следниот начин:

- Подобро пласирана ќе биде екипата што има освоено повеќе бодови во меѓусебните натпревари во тековната сезона (регуларен дел и плеј оф/аут),
- Доколку во меѓусебните натпревари имаат освоено ист број на бодови, тогаш подобро пласирана е екипата што има подобра гол-разлика во меѓусебните натпревари во тековната сезона (регуларен дел и плеј оф/аут),
- Во случај да екипите во меѓусебните дуели имаат ист број на бодови, иста гол

разлика, ист број постигнати голови, во тој случај го делат местото. Ако е во прашање место на табелата кое одлучува кој ќе биде првак или за учество на некој од меѓународните купови, купот на Република Македонија, кој ќе игра плеј оф или одлучува за испаѓање од лигата, Комесарот за натпревари закажува одигрување на **МИНИ ТУРНИР** (екипите ќе играат по еден натпревар меѓу себе) на неутрален терен. Местото на одигрување се одредува во согласност со екипите.

- Доколку екипите не постигнат согласност местото за одигрување го одредува Натпреварувачка комисија. Трошоците за овие натпревари ги сносат екипите учеснички рамноправно.

**Член 11**

Распоредот на одигрување на натпреварите во лигите го одредува Натпреварувачката комисија врз основа на извлечените натпреварувачки броеви, по Бергер-систем, прикажани во Член 3 од овие Пропозиции. Влечењето се врши јавно во просториите на РФМ, истото е емитувано на YOU-TUBE-каналот на РФМ.

**Член 12**

Во случај да еден или повеќе ракометари или службени претставници бидат санкционирани со црвен или плав картон поради обид за физички напад, физички напад, плукање, и се што се подразбира под грубо неспортско однесување (црвен картон) и екстремно грубо неспортско однесување (плав картон), сторителите на прекршокот ќе бидат автоматски суспендирани се до конечна одлука на дисциплинска комисија на РФМ. Истите се должни после натпревар да достават писмена изјава до делегатот на натпреварот или во рок од 24 часа да достават писмена изјава до Натпреварувачка комисија на е-маил: natprevaruvackakomisija.rfm@gmail.com и до координаторот на Супер лиги karbeska@gmail.com.

Судиите и делегатот мора да дадат образложение за црвениот или плавиот картон во изјавата по натпреварот. Од претходното се иземаат ракометари кои се дисквалификувани поради трето исклучување на временска казна од 2 минути, како и дисквалификувани играчи поради груб прекршок во игра према противнички играч, бидејќи казната се однесува само за тој натпревар.

Доколку сторителите на прекршокот не достават писмена изјава после натпреварот до делегатот или во рок од 24 часа (по е-маил) до Натпреварувачка комисија и Координаторот на Супер лиги, Дисциплинската комисија ќе решава без нивни изјави, а прекршителот ке биде казнет согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

Доколку делегатот-контролор наведе лица кои биле присутни на настанот,

Натпреварувачка комисија цени дали е потребно да земе изјави на сведоците или ги повика на службен разговор за појаснување на случувањата.
Доколку Натпреварувачка комисија има сознание или дојава за прекршување на правилата за игра, несанкционирани опасни прекршоци на одигран натпревар или груби дисциплински прекршоци а за истите не се превземени соодветни санкции од страна на службените лица (судиите и делегатот), а со гледање на снимката од натпреварот утврди дека имало елементи за превземање на санкции а не се превземени, за прекршителите ќе поднесе пријава до Дисциплинкса комисија на РФМ.
Лицето кое ќе ја повлече екипата од понатамошниот тек на натпреварот подлежи на задолжителна дисквалификација и ќе се казни согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

- Екипата која го напушта теренот и се врати во определеното време од 3 минути за да го продолжи натпреварот се казнува со парична казна од 50.000,00 денари, а лицето кое се обидело да ја повлече екипата се казнува согласно Дисциплински правилник на РФМ.

- Ако екипата која го напушти теренот не се врати во рок од 3 минути, натпреварот трајно ќе се прекине, натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0 за противничката екипа и минус еден (-1) бод од бодовното салдо на екипата која го напуштила теренот како и со парична казна согласно Дисциплински правилник на РФМ.

**Член 13**

За неодигран првенствен натпревар од неоправдани причини, екипата го губи натпреварот со службен резултат 10:0 и (-1) минус еден бод од бодовното салдо или доколку екипата нема освоено бодови, тогаш бодот ќе се одземе кога ќе ги освои бодовите.
Од неоправдани причини се смета:

- ако одредена екипа не одигра натпревар или не допатува, а нема оправдани причини,
- ако теренот не бил ослободен по вина на организаторот,
- ако одредена екипа не ги подмири финансиските обврски спрема РФМ во рок од 10 (десет) дена по донесената одлука во прв степен од Дисциплинската комисија. Жалбата не го одложува извршувањето на казните.

За горе наведените случаи натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0 и -1 (минус еден) бод од бодовното салдо и екипата се казнува со 60000 денари.

Доколку во тековната натпреварувачката сезона од неоправдани причини некоја екипа не одигра 2 (два) првенствени натпревари, се исклучува од натамошно натпреварување и ке плати казна од 60000 денари одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години, истото ќе се однесува и за сите нејзини младински категории.

Доколку во тековната натпреварувачка сезона вклучително и во плеј оф/плеј аут натпреварувањето, во последните 3 натпреварувачки кола некоја екипа не допатува или на свој терен не одигра 1 (еден) првенствен натпревар од неоправдани причини, екипата се исклучува од понатамошно натпреварување а одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години, истото ќе се однесува и за сите нејзини младински категории.

Доколку има пријавено младинска или кадетска екипа и не го доигра првенството (се откаже од натамошниот дел на натпреварувањето) или неоправдано не одигра 2 натпревари од тековната сезона, екипата се исклучува од натамошното наптреварување, одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт од траење од 3 години а екипата се казнува парична парична 120.000,00 денари. Воедно екипата нема право да ја пријави таа категорија, од која е исклучена.

Екипа која нема да одигра Куп натпревар во групна фаза, или Ф4 ќе биде исклучена од натпреварувањето во тековната сезона а одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години, истото ќе се однесува и за сите нејзини младински категории.

Нејзините резултати постигнати во тековниот дел од натпреварувањето се бришат ако екипата одиграла помалку од 51 % од натпреварите во тековната сезона, а во случај да има одиграно повеќе од 51% од натпреварите од тековната сезона тогаш останатите натпревари се регистрираат со службен резултат 10:0 (-1) бод по натпревар.

Наведениот став се однесува на ПРВЕНСТВЕНИ и КУП натпревари.

Ракометните клубови наведени согласно претходните ставови на овој член, во следната натпреварувачка сезона доколку пријават учество истите треба да достават барање и пријава до Натпреварувачка комисија при РФМ, Регистрациона комисија и Комисија за лиценцирање со приложена уплата од 200.000,00 денари на сметка за развој на младинскиот ракомет, пријавата и барањето ќе бидат разгледани од органите и телата на РФМ и одлуката која ќе биде донесена ќе биде конечна а уплатените средства се неповратни.

**Член 14**

Сите натпревари во сениорските лиги се играат во сабота/недела во период од 16:00 до 20:00 часот и среда/четврток со почеток од 17:00 до 20:00 часот.

Организатор на натпреварот и домаќин е клубот кој е во официјалниот распоред на натпреварите прво назначен од Натпреварувачка комисија.

Клубот домаќин е должен во рок од 6 (шест) дена пред одигрување на натпреварот до Координаторот на лигата, Натпреварувачката Комисија и клубот гостин да достави термин за одигрување на натпреварот (пополнета пријава за натпревар). Доколку клубот домаќин не ги извести Координаторот на лигата, Натпреварувачката Комисија и клубот гостин во дадениот рок, Натпреварувачката комисија закажува термин за одигрување на натпреварот, согласно годишната пријава на клубот за учество на система на натпревари. За ненавремено доставување на термин следува парична казна од 20.000,оо денари.

Во случај на ТВ-пренос, денот и времето на одигрување на натпреварот го утврдува Натпреварувачката комисија и истиот не може да биде поместен. Во случај да една од екипите одбие да игра во предвидениот термин за ТВ-пренос, натпреварот го губи со резултат 10:0 минус еден (-1) бод.

Поместување на термините може да се направи во согласност со одлука на Натпреварувачката Комисија во интерес на државните репрезентации или вонредни состојби.

**Член 15**

Во интерес на регуларноста на одвивањето на завршниот дел на првенството:

- Натпреварувачка комисија може да одлучи во последните 3 (три) кола од првенството одредени натпревари да се играат во ист ден и ист термин.
- Натпреварувачка комисија е должна да закаже одигрување во исто време само одделни натпревари кои одлучуваат за пласманот на табелата.
- Во исклучителни случаи Натпреварувачка комисија може да го одложи целото коло на лигите, доколку тоа го бараат општите интереси на ракометниот спорт.
- Натпреварувачка комисија по свое видување може поедини натпревари да ги утврди како натпревари од висок ризик.

**Член 16**

Натпреварувачка комисија може да одложи или презакаже одредени натпревари или цело коло во следните случаи:

- доколку играчите (или тренер) од една од екипите настапуваат во државните репрезентации предвидени со календар на ЕХФ/ИХФ или на меѓународни натпревари со репрезентацијата,
- епидемија/пандемија, само согласно законската регулатива;

- елементарни непогоди, само согласно законската регулатива;
- забрана од страна на Здравствената установа или надлежниот орган на локалната самоуправа за напуштање на населено место;
- писмено барање и договор на двете екипи со образложение за причините на одлагањето. Оправданоста на образложението го цени Натпреварувачката комисија.

Еднаш одложен натпревар на овој начин клубовите немаат право на повторно барање за одлагање на истиот.

За секој друг случај потребна е согласност на клубот чиј натпревар се одложува и претходно договорен термин за одигрување на одложениот натпревар кој се доставува до Натпреварувачката комисија најдоцна 72 часа пред закажаниот термин и истиот мора да се одигра најдоцна седум дена од претходно предвидениот термин (со исклучок на натпревар кој е закажан со ТВ пренос).

Поместувањето на утврдениот термин за играње (од сабота во недела, среда во четврток или обратно), клубот домаќин може да го измени со известување на противничката екипа, службените лица и Натпреварувачка комисија најдоцна 72 часа пред одигрување на натпреварот (исклучок е договорен ТВ пренос).

Екипа која учествува во ЕХФ натпреварување, натпреварите од домашното првенство се совпаѓаат со датумот на ЕХФ календарот, има обврска натпреварите од домашното првенство да ги одигра во временски период од 7 дена пред совпаѓање на календарот на ЕХФ.

Сите заостанати натпревари од есенскиот дел на натпреварувањето мора да се одиграат до завршување на есенскиот дел, со исклучок доколку во последното коло некоја од екипите игра во ЕХФ натпреварувањето.

Одложените натпревари се играат по редослед како што се предвидени во распоредот.

Секоја екипа која сака да игра домашен/меѓународен пријателски натпревар или организира домашен/меѓународен турнир, мора истиот да го пријави во РФМ и до Натпреварувачка комисија. Натпреварувачката комисија го спроведува делегирањето на службените лица (судии/делегати).

Доколку екипата не го пријави турнирот/натпреварот, следи дисциплинска санкција.

**Член 17**

Гостинската екипа има обврска најмалку 60 минути да биде на теренот за одигрување на натпреварот пред предвиденото време за почеток.

Сите службени лица (судии, делегати или контролори, записничар, мерач на време, медицинско лице задолжено за натпреварот и сите останати) да бидат присутни во

спортскиот објект најмалку 60 минути пред времето предвидено за почеток на натпреварот.
Записникот за натпреварот мора да биде завршен со сите внесени податоци најмалку 40 минути пред почеток на натпреварот.

**Член 18**

Домаќинот е должен да обезбеди лекар. Секој лекар треба да има лиценца и да биде присутен 60 минути пред почеток на натпреварот.

Доколку на натпреварот воопшто нема лекар, натпреварот не се игра, а клубот домаќин ќе биде казнет согласно Дисциплински Правилник.
Натпреварот ќе се одигра дополнително со одлука на Натпреварувачката Комисија во рок од три дена, а клубот домаќин ќе ги сноси трошоците на гостинската екипа и на службените лица, а висината на трошоците ја одредува Натпреварувачката комисија.

За последните три кола од првенството домаќинот кој нема да обезбеди лекар во закажаниот термин (лекарот не се чека) покрај горе наведената казна натпреварот ќе се регистрира со службен резулатат 10:0 за противничката екипа и сениорската екипа се префрла во најнизок ранг на натпреварување.

Идентификација на нелиценциран лекар врши делегатот-контролор на натпреварот кој во записникот е должен да наведе: име и презиме, број на лична карта или број на лекарска легитимација, место на вработување и функција. **(префрлено од член 26)**

Времетото на одложување/доцнење од почетокот на натпреварот е дозволено најмногу до 30 минути на ракометна екипа, судија, делегат/контролор со претходна најава, а по поминувањето на 30-те минути се постапува:

- До колку една од екипите доцни до 30 минути од почеток на натпреварот (оправдано со претходна најава), ќе се продолжи со дополнителни 30 минути, обврска на делегатот/контролорот е да организира натпреварот да се одигра со задоцнување до 30 минути или да се утврди соодветен термин за одигрување;
- До колку судиите доцнат, а при тоа го имаат оправдано најавено своето доцнење, ќе се продолжи со чекање најмногу до 30 минути;
- До колку делегатот /контролор оправдано доцни до 30 минути од почеток на натпреварот, натпреварот ќе започне, а улогата на делегатот / контролор ќе ја превземе прво именуваниот судија
- Записничарот и мерачот на време мора да бидат присутни еден час пред почеток на натпреварот. Со претходна најава може да доцнат до 30 мин пред

почеток на натрпеварот.

- Во случај да нема записничар или мерач на време на натпреварот, делегатот ја превзема нивната функција, или ќе задолжи некој по предлог на организаторот.
- Медицинското лице мора да биде присутно еден час пред почеток на натпреварот. Со претходна најава може да доцни до 30 мин пред почеток на натрпеварот.
- Лицето кое врши LIVESTRAM мора да биде присутно еден час пред почеток на натпреварот. Со претходна најава може да доцни до 30 мин пред почеток на натрпеварот.
- До колку на натпреварот не дојде еден од делегираните судии , натпреварот ќе го води еден присутен судија.
- До колку делегарани судии не се појават на натпревар, а при тоа не го најават своето отсуство, натпреварот ќе биде одложен, термин за одигрување ќе биде доплнително утврден од страна на Натпреварувачката комисија во договор со екипите.

Во случај на попречување за нормално одвивање на натпревар во спортскиот објект предизвикано од виша сила, натпреварот може да биде одложен.
Одложениот натпревар, организаторот има обврска да го спроведе односно одржи во рок од 24 саата во друг спортски објект или постоечкиот пријавен од кога ќе се доведе во нормала за одржување на спортски натпревари.
Во случај на неодигрување на натпреварот по вина на Организаторот, ќе биде покрената дисциплинска постапка**.**

За сите ставови од овој член ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговорност.

**Член 19**

Натпреварот може да биде времено прекинат во следните случаеви:

- Во услови на Виша сила (нагли промени на температура, временски непогоди, смалување на видливоста на терен), продолжување на текот на натпреварот ќе биде овозможен по одстранување на пречките но не повеќе од 2 часа;
- До колку медицинското лице биде принудено да го напушти натпреварот, Организаторот е должен да обезбеди негова замена;
- До колку дојде до фрлање предмети на терен , делегатот /контролорот ќе побара од Организаторот да се воведе ред или да се испразни дел од трибинскиот капацитет, а натпреварот ќе биде продолжен по спроведување на истото;
- Недолично однесување од страна на гледачите;
- Одлука за привремен прекин носат судиите во консултација со делегатот/контролорот;

**Член 20**

Натпреварот може да биде трајно прекинат во следните случаеви:

- Дојде до физички напад ,физичка пресметка или вербален напад од страна на гледачите, играчите, тренерите, службените лица на екипите, судиите или делегатот/контролор ;
- Дојде до физички напад, физичка пресметка или вербален напад помеѓу гледачите и присутните на теренот , а по оценка на службените лица задолжени за водење на натпреварот (судии , делегат/контролор) утврдат дека нема услови за продолжување на истиот;
- До колку медицинското лице биде принудено да го напушти натпреварот , а Организаторот не најде адекватна замена;
- Одлука за траен прекин на натпреварот донесуваат судиите во консултација со делегатот/контролор.

За ставовите 1, 2 и 3 од членот 18 ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговорност.

**Член 21**

Сите натпревари од националниот систем (пионерски, кадестки, младински и сениорски) ЗАДОЛЖИТЕЛНО се пренесуваат на LIVE STREAM.

Лицето што врши LIVE STREAM е должно да ги сними сите случувања на теренот, од загревање на екипите, полувреме, тајм-аути до завршување на натпреварот, се додека играчите и службените лица не го напуштат теренот за игра.

Лицето кое врши LIVESTREAM мора да биде присутно еден час пред почеток на натпреварот, а со претходна најава може да дојде 30 мин пред почеток на натпреварот.

Во случај домаќинот да не врши LIVE STREAM, (клубот домаќин не обезбеди лице за вршење LIVE STREAM), натпреварот мора да биде снимен и снимката да биде предадена во РФМ во рок од 24 часа, а клубот ќе биде санкциониран со парична казна до 100.000,00 денари.

Во случај домаќинот стручно и квалитетно не го сними натпреварот, (на натпреварот имало спорни ситуации-прекини кои не се снимени), домаќинот ќе биде казнет со парична казна од 100.000,00 денари.

За сите ставови од овој член ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговорност.

**Член 22**

Клубовите учесници во натпреварувањето настапуваат со дресови во своите клубски бои назначени во адресарот на ракометни клубови за тековната сезона. Во случај на исти бои на дресови, предност има домашната екипа, што значи дека гостинската екипа мора да обезбеди две гарнитури дресови со различни бои од боите пријавени од страна на клубот домаќин при гостувањето. Секоја екипа е должна да ја пријави бојата на дресовите со која ќе настапува во првенството во самата пријава за учество во системот на натпреварување а истотите ќе бидат ставени и во адресарот на клубови за сезона

2026/2027 година.

Голманите од една екипа вклучувајќи и играч кој ќе го замени голманот мора да имаат иста боја на дресови или маркери.

Доколку се случи гостинската екипа да има иста боја дресови како и домашната екипа и нема можност да ги смени дресовите, натпреварот нема да се одигра и истиот ќе се регистрира со службен резултат за противничката екипа 10:0 и минус еден (-1) бод од бодовното салдо на гостинската екипа, и парична казна од 30.000 денари. За бојата одлучуваат службените лица.

Дресовите задолжително се означуваат со броеви во големина од 20 см на грбот и 10 см на градите. Броевите на дресовите мора да се слагаат со броевите на играчите во записникот од натпреварот. Играчите мора да настапуваат во еднообразна и пристојна спортска опрема.

Службените лица на натпревар, мора да носат иста боја на маички а различна од бојата на дресови од противничката екипа. (ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ СПРОВЕДУВА)

Делегатот - контролор е должен во изјавата на судии и делегат да ги констатира недостатоците од овие две одредби.

За сите ставови од овој член ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговорност.

**Член 23**

ВАР (видео повторување) може да се користи во следните ситуации:

- Гол / Нема гол - Да се утврди дали топката целосно ја преминала гол-линијата
- Гол / Нема гол - Да се утврди дали времето истекло пред (или по) тоа што топката целоснојапреминалагол-линијата
- Сериозни и неспортски дејства без топка - Ситуации без топка, надвор од видното поле на судиите
- Исклучување (црвен картон) - За да можат судиите точно да го идентификуваат бројот на дресот на виновниот играч
- Тепачка на теренот - Судир меѓу два (или повеќе) играчи и судиите имаат сериозни сомнежи кој (и) треба да биде (дат) казнет (и)
- Неправилна замена - Кога не е јасно идентификувана од страна на службената маса
- Симулирање - Ако судиите имаат сериозни сомнежи дали играч треба да добие прогресивна казна или се обидува да ги измами судиите
- Правило 8 - Ако судиите имаат сомнежи дали треба да се изрече исклучување од 2 минути или дисквалификација според Правилото за ракометна игра 8:5, 8:6, 8:9 или 8:10
- Клучни ситуации во последните 30 секунди од натпреварот - Ако судиите имаат сериозни сомнежи околу одлука за удар од 7 метри или техничка грешка направена од играч што постигнува гол

- Тајм-аут на тим - Нејаснотии кој тим бил во посед на топката кога е побаран тајм аутот
- Во случај на одлука која може да доведе до протест

- **Превземено од ЕХФ**

**Член 24**

На натпреварите во натпреварувачката сезона 2026/2027 право на настап имаат сите правилно регистрирани и лиценцирани ракометари не помлади од 16 години.
Ракометар без редовно извршен и заверен лекарски преглед од страна на специјалист по спортска медицина со важност од почеток до крај на есенската/пролетната полусезона нема да биде внесен во системот на играчи кои имаат право на настап. Во општините во кои нема специјалист по спортска медицина, здравствената контрола на спортистите ќе ја врши лекар-специјалист по општа медицина или специјалист по интерни болести.
Настап на ракометар под годиштето предвидено во пропозиции може да има:

- Ракометар под 16 години се дозволува да учествува во повисок степен на натпревари од возрасната категорија, кој ќе има обврска да врши спортски специјалистички медицински преглед на секои 3 месеци и при регистрација/лиценцирање да достави Изјава од родител заверена на нотар дека одобрува да земе учество во повисока возрасна категорија од предвидената.

Право на регистрација/лиценца во текот на целата натпреварувачка сезона на помлади од 16 години екипата има право на 4 четири ракометари (истите не можат да се менуваат во текот на натпреварувачката сезона). Право на настап на еден натпревар екипата има право на 2-ца ракометари.
Во натпреварувачката сезона 2026/2027, секоја екипа е должна да пријави листа со минимум 16 и максимум 35 ракометари со валиден лекарски преглед со цел да добијат лиценца и да бидат внесени во системот на играчи, во спротивно екипата нема да биде вклучена во системот на натпревари.
Лекарскиот преглед е задолжителен да се направи пред почеток на есенскиот дел и задолжително пред почеток на пролетниот дел од натпреварувачката сезона.
Листите за регистрација и лиценцирање на ракометарите и официјланите лица заедно со лекарскиот преглед треба да се доставаат најдоцна 20 дена пред почетокот на есенскиот

дел и 20 дена пред почетокот на пролетниот дел на натпреварувањето. На екипите им се дава заверен список со играчи кои имаат право на настап. Играч кој не е на списокот и не е внесен во системот, НЕМА ПРАВО НА НАСТАП.

Доколку клубот нема доставено листа на ракометари и сл.лица во предвидениот рок, ЕКИПАТА СЕ ИСКЛУЧУВА ОД ПОНАТАМОШНО НАТПРЕВАРУВАЊЕ.

Ако се утврди дека на натпревар настапил ракометар која не е во системот, ракометар кој немал право на настап или настапил под друго име натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0 и се одзема еден (-1) бод од бодовното салдо на екипата за која настапил и парична казна согласно Д.П. на РФМ.

Екипа што има пријавено помал број од 35 ракометари во текот на преодниот рок може списокот да го надополни до 35 ракометари. Екипа која веќе има пријавено листа со 35 ракометари и во преодниот рок ангажира нови ракометари, има право на замена на ракометари од постојната листа.

По завршувањето на летниот преоден рок од 01.07. - 01.09.2026 година и зимскиот преоден рок од 01.01.2027 - 31.01.2027 година, клубовите немаат право на замена или пријавување на ракометари, освен за интернационални трансфери или прва регистарција на нов ракометар во системот на натпреварувања до 35 ракометари во списокот на играчи.

Во сезона 2026/2027 право на настап еден ракометар во тековната полусезона ќе има во сите категории и тоа сениорска, младинска, кадетска и пионерска категорија.

Ракометар може да настапи само во една категорија (пионерска, кадетска, младинска или сениорска) истиот ден.

Доколку еден ракометар настапи за било кои две категории во ист ден натпреварите се регистрираат со службен резултат 10:0, (-1) бод и парична казна според Член 10 од ДП а овластеното лице се казнува според Член 15 од ДП.

Ракометарот кој е лиценциран и како службено лице (А, Б, Ц, Д,Е) има единствен број на лиценца. На ист натпревар ракометарот не може да биде внесен во записникот како играч и како службено лице.

На натпреварите во лигата службените претставници на екипите задолжително еден час пред почетокот на натпреварот на делегатот-контролор му ја доставуваат листата со заокружени максимум 16 ракометари и максимум 5 службени лица од кои 1 мора да има тренерска лиценца (авторизирана/издадена лиценца со 3-та категорија од страна на Здружение на ракометни тренери на Македонија согласно РИНК конвенцијата на ЕХФ).

Екипите пред натпреварот во записникот може да внесат најмногу 16 ракометари, а минимум 14 ракометари. Во случај да една од екипите не пријави минимум 14 ракометари пред натпреварот, натпреварот нема да се одигра и ќе биде регистриран со резултат 10:0 за противничката екипа и -1 бод за екипата која немала минимум 14 ракометари пред натпреварот. Во случај и двете екипи да немаат минимум 14

ракометари пред натпреварот, натпреварот нема да се одигра а на двете екипи ќе им се одземе по -1 (еден) бод од бодовното салдо**.**

Делегатот контролор има право да бара документ за идентификација на одредени ракометари или службени преставници ако постои сомневање за нивниот идентитет.

Службените претставници на клубовите мора да бидат лиценцирани за тековната натпреварувачка сезона. Во спротивно не можат да бидат внесени во системот, односно не можат да бидат внесени во записникот и да седат на клупата за резервни играчи.

На клупата за резервни играчи можат да седат максимум пет преставници и тоа само по еден претставник со лиценца А, Б, Ц, Д,Е.

Сите службени лица мора да бидат пријавени пред почеток на натпреварувачка сезона.

На натпревар секоја екипа задолжително мора да има службен претставник и лиценциран тренер. Доколку екипа настапи без службен претставник или лиценциран тренер, екипата ќе биде санкционирана согласно Дисциплинскиот Правилник на РФМ.

**Член 25**

Клубот ќе биде казнет во следните случаи**:**

- за фрлена петарда во сала,
- повеќе фрлени петарди,
- за секое фрлање на останати предмети (запалки, монети, шишиња, ролни хартија и други ситни метални и тврди предмети опасни по здравјето и животот на актерите на натпреварот),
- влегување на публика во терен,
- недолично скандирање или скандирање по национална, верска и расна основа на навивачки групи,

За сите прекршоци од претходните 5 става, клубот ќе биде казнет со парична казна до 150.000 денари, а за висината на казната одлучува Дисциплинска комисија.

За прекршоци кои не се наведени во овој член, ќе бидат применети одредбите од Дисциплински правилник на РФМ.

Горенаведените одредби се однесуваат и на гостинската екипа во случај прекршоците да бидат направени од страна на нивните симпатизери-навивачи.

**Член 26**

Домаќинот е должен да организира обезбедување (неопходен број редари).

Навреме со допис да го пријави натпреварот во МВР - во подрачната единица на која се одигрува натпреварот за што е должен на делегатот да му достави заверена пријава.

За присуство на полицијата одлучува Полициската станица.
Доколку домаќинот не приложи доказ дека натпреварот е пријавен во МВР истиот нема да се одигра и ќе биде регистриран со служсбен резултат 10:0 за гостинската екипа и -1 бод ќе се одземе од бодовното салдо на домашната екипа и клубот домаќин ќе биде казнет со парична казна по ДП на РФМ.
Клубот домаќин е одговорен за безбедноста на службените лица и гостинската екипа од самото влегување до самото излегување од сала.

**Член 27**

Ракометните клубови имаат право на приговор до официјално делегираните службени лица пред почетокот на натпреварот во врска со право на настап на ракометар/ка на конкретниот натпревар, во спротивно Натпреварувачка комисија и органите и телата на РФМ постапуваат по службена должност, по завршување на натпреварот согласно Нормативните акти на РФМ).
По одигран натпревар екипите имаат право на жалба, доколку истата се однесува на материјална повреда, односно правила кои влијаеле на резултатот од натпреварот, или повреда од организациски аспект за спроведување на натпреварот.
Жалбата се најавува исклучиво преку овластен претставник од клубот. Најавувањето на жалбата се внесува во службениот записник по завршувањето на натпреварот по одиграниот натпревар.
Во неа мора да се наведат кратко мотивите на жалбата, а во рок од 72 часа во писмена форма преку е-маил: natprevaruvackakomisija.rfm@gmail.com и karbeska@gmail.com детално да ја образложат жалбата.
Судиите и контролорот/делегат мора да го дадат своето мислење во писмена форма (на истите е-маил адреси) со наводите во најавената жалба.
LIVE STREAM, ЦД-то или УСБ-то од натпреварот се зема како доказен материјал за решавање на жалбата. Натпреварувачка комисија снимката ќе ја гледа само во случај жалбата да се разгледува.
Натпреварувачката Комисија при РФМ постапува единствено по писмено образложение на жалбата од екипата која поднесува жалба и приложена уплатата во износ од 80.000,00 денари за материјална повреда или приложена уплата од 30.000,00 денари за повреда од организациски аспект за спроведување на натпреварот. Уплатата и жалбата да бидат доставени во рок од 72 часа по завршување на натпреварот.
Жигот на поштата од препорачаната пратка се зема како доказ за оцена на благовременоста на испратената жалба. За ненавремено доставување на писменото образложение или уплатата за најавената жалба, истата не се разгледува.
Жалителот може да се откаже од жалбата се до нејзиното донесување, односно се до

донесувањето на одлука по неа и тоа со писмено образложение. Во тој случај уплатата се враќа. Толкување за најавената жалба дава Натпреварувачка комисија, а решава Дисциплинската комисија на РФМ.

Одлуката на Дисциплинската комисија се објавува во билтенот кој што се објавува на WEB страната на РФМ www.macedoniahandball.com.mk и истото се доставува по електронска пошта до клубовите што се смета дека датумот и времето на објавување е датум на предавање на решението до странките во жалбената постапка (билтенот).

Против одлуката донесена во прв степен може да се изјави жалба пред второстепениот орган, а преку органот кој го донел првостепеното решение, во рок од 8 дена од денот на доставување на одлуката. Кон жалбата мора да биде доставен и доказ за платена такса од 120.000,00 денари, за истата да биде разгледана.

Жигот на поштата од препорачаната пратка се зема како доказ за оцена на благовременоста на испратената жалба. За ненавремено доставување на писменото образложение или уплатата за најавената жалба, истата не се разгледува.

Жалителот може да се откаже од жалбата се до нејзиното донесување, односно се до донесувањето на одлука по неа и тоа со писмено образложение. Во тој случај уплатата се враќа. Толкување за најавената жалба дава Натпреварувачка комисија, а решава Дисциплинската комисија на РФМ.

Одлуката на Дисциплинската комисија се објавува во билтенот кој што се објавува на WEB страната на РФМ www.macedoniahandball.com.mk и истото се доставува по електронска пошта до клубовите што се смета дека датумот и времето на објавување е датум на предавање на решението до странките во жалбената постапка (билтенот).

**Член 28**

Таксите на судиите и делегатот-контролор, се исплаќаат пред почетокот на натпреварот на трансакциска сметка. Данокот го плаќа клубот. Таксата на судии и делегат/контролор ја исплаќаат клубовите-домаќини во целост согласно висината на таксата утврдена за супер машка лига пропишана во самото делегирање.

До колку трошоците од страна на клубот не се исплатени пред почеток на натпреварот делегатот е должен да наведе во изјавата на судии и делегати.

Доколку натпреварот се игра во работен ден, на службените лица им следува дневница во износ од 1.000,00 денари. (важи за сите службени лица во или надвор од местото каде што се игра натпреварот).

Службените лица имаат право да користат сопствено возило. Цената за 1 км изнесува 12 % од вредноста на горивото за 1 литар ако патува едно лице (делегат/контролор) или 15 % две лица (судии).

Во случај да со возилото патуваат три службени лица (судии и делегат) право на

надомест за 1 км изнесува 20 % од вредноста на горивото за 1 литар.
Следува и наплата на патарина која се приложува со потврдата за наплата на трошоци.
Патните трошоци и дневниците за работен ден се исплаќаат пред почеток на натпреварот.
Судиите делегирани од исто место-користат исто возило. Во случај да користат две возила износот од 12% се дели на двете возила.

**Член 29**

**Такси на судии и делегати по категории:**
Супер машка ракометна лига: 7200,00 денари (исплаѓа клуб)
Супер женска ракометна лига: 3900,00 денари (исплаќа РФМ)
Прва машка ракометна лига: 3600,00 денари (1.800,00 ден. клуб + 1.800,00 денари РФМ)
Прва женска ракометна лига: 3900,00 денари (исплаќа РФМ)
Младинска машка и женска ракометна лига: 1500,00 ден (исплаќа РФМ)
Кадетска машка и женска ракометна лига: 1500,00 ден (исплаќа РФМ)
Пионерска машка и женска ракометна лига: 1500,00 ден (исплаќа РФМ)
**Пријателски натпревари домашни/меѓународни, турнири домашни/меѓународни:**
Домашен пријателски натпревар: 2500,00 денари
Меѓународен пријателски натпревар: 7200,00 денари
Меѓународен турнир сениори-мажи: 7200,00 денари
Меѓународен турнир сениори-жени: 5000,00 денари
Меѓународен турнир млади категории: 2500,00 денари

**Член 30**

За се што не е предвидено во Пропозициите важат одредбите односно актите на Регистрациониот правилник, Дисциплинскиот правилник, Правилата на ракометната игра, Правилник за организација и спроведување на ракометни натпревари, Нормативните акти на РФМ и позитивните законски прописи.
За толкување на измени и дополнување на овие Пропозиции надлежен е Управниот Одбор на РФМ.
Овие Пропозиции се предложени на Конференција на клубови од Супер машка лига на ден ---------------------година.

**Ракометна Федерација на Македонија**
**Управен Одбор**
**Претседател,**
**Александар Стефанов**